**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Декември 2017 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Декември 2017 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2017 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2017 година изнесуваат 7.268.793 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2016 година бележат пораст од 9%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2016 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Декември 2017 година изнесуваат 9.423.978 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2016 година бележат пораст од 10%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2016 година бележат пораст од 10%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2017 година изнесуваат 6.445.506 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2016 година бележат пораст од 9%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Декември 2017 година изнесуваат 8.516.224 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2016 година бележат пораст од 10%.

**Дивиденда**

На 3 април 2017 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2016 година во износ од 357.838 илјади денари односно 250 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда за 2016 година изнесува 225 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Декември 2017 година изнесуваат 861.420 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.12.2017 година изнесуваат 652.153 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Декември 2017 година во Алкалоид се реализирани 143 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Декември 2017 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| Домашен пазар | 2.654.758 | 38 | 2.509.795 | 39 | 106 |
| Странски пазар | 4.277.418 | 62 | 3.908.786 | 61 | 109 |
| **Вкупно:** | **6.932.176** | **100** | **6.418.581** | **100** | **108** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| **Македонија** | **3.486.685** | **38** | **3.321.026** | **40** | **105** |
| Југоисточна Европа | 2.996.158 | 33 | 2.862.703 | 35 | 105 |
| Русија и други земји во ЗНД | 642.236 | 7 | 511.440 | 6 | 126 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.847.184 | 20 | 1.437.985 | 17 | 128 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 122.453 | 1 | 159.616 | 2 | 77 |
| **Вкупно странски пазари** | **5.608.031** | **62** | **4.971.744** | **60** | **113** |
| **Вкупно:** | **9.094.716** | **100** | **8.292.770** | **100** | **110** |

Од вкупните консолидирани продажби, 62% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: В.Британија раст од 1.317%, Романија раст од 60%, Унгарија раст од 347%, Чешка раст од 22%, Полска раст од 65%, Словенија раст од 12%, Хрватска раст од 13%, Русија раст од 17%, Украина раст од 208% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| Антибиотици | 1.240.897 | 14 | 1.037.294 | 13 | 120 |
| ОТЦ препарати | 1.906.806 | 21 | 1.566.125 | 19 | 122 |
| Кардиолошки препарати | 1.484.970 | 16 | 1.431.452 | 17 | 104 |
| Невролошки препарати | 1.197.654 | 13 | 1.110.285 | 13 | 108 |
| Останати линии | 894.061 | 10 | 824.962 | 10 | 108 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **6.724.388** | **74** | **5.970.118** | **72** | **113** |
| Трговска стока | 904.863 | 10 | 891.395 | 11 | 102 |
| Услуги и останати приходи | 66.712 | 1 | 48.872 | - | 137 |
| **Вкупно Фармација** | **7.695.963** | **85** | **6.910.385** | **83** | **111** |
| **Вкупно Хемија** | **287.194** | **3** | **256.855** | **3** | **112** |
| **Вкупно Козметика** | **841.275** | **9** | **822.820** | **10** | **102** |
| **Вкупно Билкарство** | **270.284** | **3** | **302.710** | **4** | **89** |
| **Вкупно:** | **9.094.716** | **100** | **8.292.770** | **100** | **110** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 17/16 |
| Единечна ЕБИТДА | 1.305.755 | 19 | 1.208.749 | 19 | 108 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.413.337 | 16 | 1.296.424 | 16 | 109 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 17/16 |
| Единечна Нето добивка | 765.955 | 11 | 704.270 | 11 | 109 |
| Консолидирана Нето добивка | 809.277 | 9 | 731.818 | 9 | 111 |

Остварената единечна Нето добивка во 2017 година изнесува 765.955 илјади денари и во споредба со остварената во 2016 година бележи зголемување за 9%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2017 година изнесува 809.277 илјади денари и во споредба со остварената во 2016 година бележи зголемување за 11%.